PHILIPS

UpBeat

SHB2505



Корисничко упатство

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на
www.philips.com/support

Содржина

1 Важни безбедносни упатства 2
Заштита на слух 2
Општи информации 2

2 Вашите Bluetooth безжични слушалки 3
Што има во кутијата 3
Други уреди 3
Преглед на вашите Bluetooth безжични слушалки 4

3 Почетни чекори 5
Полнење на батеријата 5
Спарување на слушалките со Bluetooth уред за прв пат 5
Спарување на една слушалка (Моно режим) 6
Спарување на слушалката со друг Bluetooth уред 6

4 Употреба на слушалките 7
Поврзете ги слушалките на Bluetooth уред 7
Вклучување/исклучување 7
Управување со вашите повици и музика 7
Статус на ЛЕД индикатор 8
Батериски ЛЕД индикатор за статус на слушалки 8
Батериски ЛЕД индикатор на кутијата за полнење 8
Батериски ЛЕД индикатор на кутијата за полнење со УСБ-кабел 9
Како да ги носите 9

5 Фабричко ресетирање на слушалките 9

6 Технички податоци 10

7 Известување 11
Изјава за усогласеност 11
Фрлање на стар производ и батерија 11
Усогласеност со ИЕП 12
Информации за животната средина 12
Известување за усогласеност 12

8 Често поставувани прашања 13

1 Важни безбедносни упатства

Заштита на слух

Опасност

- За да се избегне оштетување на слухот, ограничете го времето на користење на слушалките со голема јачина на звук и поставете ја јачината на звук на безбедно ниво. Колку е поголема јачината на звук, толку е пократко времето на безбедно слушање.

Уверете се дека ги почитувате следните упатства кога ги користите слушалките.

- Слушајте на разумни јачини на звук во разумно времетраење.
- Внимавајте да не ја засилувате јачината на звук постојано како што ќе се навикнувате на слушањето.
- Не пуштајте ја јачината на звук толку силно за да не может'е да слушате што с'е случува околу вас.
- Треба да користите внимателно или повремено да го прекинувате користењето во потенцијално опасни ситуации.
- Прекумерниот звучен притисок од слушалките може да предизвика загуба на слух.
- Користењето на слушалки со покривање на двете уши не се препорачува додека возите и може да е нелегално во некои подрачја додека возите.
- За ваша безбедност, избегнувајте одвлекување на вниманието од музика или телефонски повици додека сте во сообраќај или во други потенцијално опасни средини.

Општи информации

За да избегнете штета или дефект:

Внимание

- Не изложувајте ги слушалките на преголема жештина
- Не испуштајте ги слушалките.
- Слушалките не треба да бидат изложени на капење и прскање.
- Не дозволувајте слушалките да бидат потопени во вода.
- Не користете средства за чистење што содржат алкохол, амонијак, бензин или абразиви.
- Ако е потребно чистење користете мека крпа, ако е неопходно навлажнете ја минимално со вода или разредено нежно средство за чистење, за да го исчистите производот.
- Интегрираната батерија не треба да се изложува на прекумерна топлина како на сонце, оган или слично.
- Опасност од експлозија ако батеријата е неправилно заменета. Заменете само со ист или со еквивалентен тип.

За работењето и температурите на складирање и влажноста

- Користете ги или складирајте ги на место каде температурата е помеѓу -15°C (5°F) и 55°C (131°F) (до 90% релативна влажност).
- Работниот век на батеријата може да се скрати при услови на висока или ниска температура.

2 Вашите Bluetooth безжични слушалки

Ви честитаме на купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосни придобивки од поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/welcome.

Со овие безжични слушалки Philips, вие можете да:

- уживате во удобни безжични повици без употреба на раце;
- уживате во и безжично да контролирате музика;
- префрлате помеѓу повици и музика.

Што има во кутијата

Philips True безжични слушалки Philips SHB2505

Заменливи гумени капачиња за уво x 2 пара



Кутија за полнење



УСБ-кабел за полнење (само за полнење)

Кратко упатство

Други уреди

Мобилен телефон или уред (пр. лаптоп, PDA, Bluetooth адаптери, MP3 репродуктори и сл.) кој поддржува Bluetooth и е компатибилен со слушалките (видете 'Технички податоци' на страница 10).

Преглед на вашите Bluetooth безжични слушалки





① Микрофон
② Мултифункционални копчиња
③ ЛЕД индикатор (слушалки)
④ Микро УСБ отвор за полнење
⑤ ЛЕД индикатор (кутија за полнење)

3 Почетни чекори

Полнење на батеријата

Напомена

- Пред да ги користите слушалките за прв пат, ставете ги слушалките во кутијата за полнење и полнете ја батеријата 3 часа за оптимален капацитет и работен век на батеријата.
- Користете само оригинален УСБ-кабел за полнење за да избегнете какво било оштетување.
- Завршете го повикот пред да ги полните слушалките, бидејќи поврзувањето на слушалките за полнење ќе ги исклучи слушалките.

Кутија за полнење

Поврзете го едниот крај од УСБ-кабелот во кутијата за полнење, а другиот крај во изворот на напојување.

↳ Кутијата за полнење почнува да полни.

- Процесот на полнење се верификува со синото ЛЕД светло на предниот панел,
- Кога кутијата за полнење е целосно наполнета, се вклучува сино светло.



Совет

- Кутијата за полнење служи како преносна резервна батерија за полнење на слушалките. Кога кутијата за полнење е целосно наполнета, таа поддржува 3 целосни циклуси на повторно полнење на слушалките.

Слушалки

Ставете ги слушалките во кутијата за полнење.

↳ Слушалките почнуваат да се полнат.

- Процесот на полнење се верификува со бело ЛЕД светло на слушалките,
- Кога слушалките се целосно наполнети, се исклучува белото светло.



Совет

- Вообичаено, потребни се 2 часа за целосно полнење (за слушалките или кутијата за полнење).

Спарување на слушалките со Bluetooth уред за прв пат

1 Уверете се дека слушалките се целосно наполнети.

2 Извадете ги двете слушалки од кутијата за полнење, слушалките автоматски ќе се вклучат, ќе влезат во режим на спарување откако е поврзано Десна и Лева слушалка.



↳ Ќе се слушне глас 'Вклучено' и глас 'Спарување'. Потоа, ќе се слушне глас „Десен канал“ на десната слушалка и „Лев канал“ на левата слушалка откако ќе се спарат една со друга.

↳ Во десната слушалка, се слуша глас „Спарување“ и ЛЕД светлата светат бело и сино.

↳ Слушалките сега се во режим на спарување и се подготвени да се спарат со Bluetooth уред (пр. мобилен телефон).

3 Вклучете ја функцијата Bluetooth на вашиот Bluetooth уред.

4 Слушалките со Bluetooth уред. Погледнете го корисничкото упатство за вашиот Bluetooth уред.

↳ Во десната слушалка, се слуша глас „Поврзано“ и ЛЕД светлата остануваат вклучени 5 секунди на двете слушалки. Може да го користите уредот да репродуцирате музика или за повици.

Напомена

- По вклучувањето, ако слушалките не може да најдат претходно поврзан Bluetooth уред, автоматски ќе се префрлат во режим на спарување.

Следниов пример ви покажува како да ги спарите слушалките со вашиот Bluetooth уред.

1 Вклучете ја функцијата Bluetooth на вашиот Bluetooth уред, изберете **Philips SHB2505**.

2 Внесете ја лозинката на слушалките „**0000**“ (4 нули) ако се побара. За Bluetooth уреди кои користат Bluetooth 3.0 или понов, нема потреба да внесете лозинка.

Спарување на една слушалка (Моно режим)

1 Извадете ја десната слушалка („Главен уред“) од кутијата за полнење, слушалката автоматски ќе се вклучи. Ќе се слушне глас „Вклучено“ од десната слушалка.



2 Вклучете ја функцијата Bluetooth на вашиот уред, пребарајте за „**Philips SHB2505**“ допрете да поврзете. (Погледнете стр.6)

3 Штом еднаш ќе успее спарувањето, ќе слушнете глас „Поврзано“ и светлото на индикаторот ќе се исклучи.

Напомена

- Ако само е вклучен каналот на „Левата слушалка“, нема да може да се поврзе на Bluetooth уред, потребно е да се вклучи и „Десниот канал“ за да се спарат една со друга.

Спарување на слушалката со друг Bluetooth уред

Ако имате друг Bluetooth уред кој сакате да го спарите со слушалката, уверете се дека Bluetooth функцијата на секој друг претходно спарен или поврзан уред е исклучена. Потоа следете ги чекорите во 'Спарување на слушалката со Bluetooth уредот за прв пат'.

Напомена

- Слушалките складираат 1 уред во меморијата. Ако се обидете да спарите повеќе од 2 уреди, порано спарените уреди се заменуваат со нови.

4 Употреба на слушалките

Поврзете ги слушалките на Bluetooth уред

1 Вклучете ја функцијата Bluetooth на вашиот Bluetooth уред.

2 Извадете ги двете слушалки од кутијата за полнење, слушалките ќе се вклучат и повторно ќе се поврзат автоматски.

↳ Ако нема поврзан уред, слушалките автоматски ќе се исклучат по 3 минути.

↳ Двете слушалки сега се вклучени и спарени се една со друга автоматски.

↳ Слушалките ќе пребаруваат за последниот поврзан Bluetooth уред и повторно автоматски ќе се поврзат на истиот. Ако последниот поврзан не е достапен, слушалките ќе пребаруваат и повторно ќе се поврзат со претпоследниот поврзан уред.

Совет

- Слушалката не може да поврзе повеќе од 1 уред во исто време. Ако имате два спарени Bluetooth уреди, вклучете ја Bluetooth функцијата само на уредот што сакате да го поврзете.
- Ако ја вклучите Bluetooth функцијата на Bluetooth уредот по вклучувањето на слушалките, треба да одите во Bluetooth мени на уредот и рачно да ги поврзете слушалките на уредот.

Напомена

- Ако слушалките не успеат да се поврзат на некој Bluetooth уред за 3 минути, тие автоматски ќе се исклучат за да ја заштедат батеријата.
- Кај некои Bluetooth уреди, поврзувањето може да не е автоматско. Во овој случај, треба да одите до Bluetooth менито на вашиот уред и рачно да ги поврзете слушалките и Bluetooth уредот.

Вклучување/исклучување

Задача	Мултифункц-ионално копче	Операција
Вклучете ги слушалките.	Слушалки	Извадете ги двете слушалки од кутијата за полнење.
Исклучете ги слушалките.		Ставете ги двете слушалки во кутијата за полнење.
	Десна/Лева слушалка	Притиснете и задржете 5 секунди. ↳ Ќе светне бело ЛЕД светло 3 пати.

Управување со вашите повици и музика

Контрола на музика

Задача	Мултифункц-ионално копче	Операција
Репродуцирање или паузирање музика	Десна/Лева слушалка	Притиснете еднаш
Прескокни нанапред	Десна слушалка	Притиснете и задржете 2 секунди
Прескокни наназад	Лева слушалка	Притиснете и задржете 2 секунди

Контрола на повик

Задача	Мултифункц-ионално копче	Операција
Одговори/ прекини повик	Десна/Лева слушалка	Притиснете еднаш
Отфрли дојдовен повик	Десна/Лева слушалка	Притиснете и задржете 2 секунди
Префрли повикувач во тек на повик	Десна/Лева слушалка	Притиснете и задржете 2 секунди

Гласовна контрола

Задача	Мултифункц-ионално копче	Операција
Siri/Google	Десна/Лева слушалка	Притиснете двапати

Статус на ЛЕД индикатор

Статус на слушалки	Индикатор
Слушалките се поврзани на Bluetooth уред.	Белото ЛЕД светло останува вклучено 5 секунди.
Слушалките се вклучени.	Белото ЛЕД светло ќе светне 2 пати.
Слушалките се во режим на спарување.	Светкаат сино и бело ЛЕД светло.
Слушалката е вклучена, но не е поврзана на Bluetooth уред.	Светкаат сино и бело ЛЕД светло. Ако не може да се воспостави поврзување, слушалките ќе се исклучат самите во рок од 3 минути.
Ниско ниво на батерија (слушалки).	Преку слушалката ќе слушнете „ниско ниво на батерија“.
	Бело ЛЕД светло светнува двапати секои 3 минути.
Батеријата е целосно наполнета.	ЛЕД светлото е исклучено.

Батериски ЛЕД индикатор за статус на слушалки

Ќе се прикаже индикатор за батерија на Bluetooth уредот по поврзувањето на слушалките.



Батериски ЛЕД индикатор на кутијата за полнење

Додека ги полните слушалките, ќе се вклучи сино ЛЕД светло.

- 4 сино ЛЕД светло е вклучено за 75-100% напојување
- 3 сино ЛЕД светло е вклучено за 50-75% напојување
- 2 сино ЛЕД светло е вклучено за 25-50% напојување
- 1 сино ЛЕД светло е вклучено за 0-25% напојување



Батериски ЛЕД индикатор на кутијата за полнење со УСБ-кабел

Додека ги полните слушалките, статусот на синото ЛЕД светло е како што следи:

- 4 сини ЛЕД светла се вклучени за 75-100% напојување
- 2 сини ЛЕД светла се вклучени за 50-75% напојување
- 1 сино ЛЕД светло е вклучено, а 2-то ЛЕД светло светка секоја секунда за 25-50% напојување
- 1 сино ЛЕД светло светка секоја секунда за 0-25% напојување



Како да ги носите



5 Фабричко ресетирање на слушалките

Доколку наидувате на проблем со спарувањето или поврзувањето, може да ја следите следнава постапка за фабрички да ги ресетирате вашите слушалки.

1 На Bluetooth уредот, одете во Bluetooth менито и отстранете го **Philips SHB2505** од списокот со уреди.

2 Исклучете ја функцијата Bluetooth на Bluetooth уредот.

3 Вратете ги двете слушалки во кутијата за полнење. Задржете и притиснете го копчето за функција за лева и десна слушалка 5 секунди.

↳ Извадете ги двете слушалки од кутијата за полнење, слушалките автоматски ќе се вклучат. Ќе се слушне глас „Вклучено“ и глас „Спарување“.

↳ Потоа ќе се слушне глас „Десен канал“ на десната слушалка и „Лев канал“ на левата слушалка откако ќе се спарат една со друга. ЛЕД светлото на десната слушалка светка бело и сино 3 мин. Ќе се слушне глас „Поврзано“ од десниот канал.

↳ Потоа, ЛЕД светлото на десната слушалка светка бело и сино 3 мин.

4 За да ги спарите слушалките со Bluetooth уред, вклучете ја Bluetooth функцијата на Bluetooth уредот, изберете **Philips SHB2505**.

6 Технички податоци

Слушалки

- Време на музика: 3 часа (дополнителни 9 часа со кутија за полнење)
- Време на зборување: 2,5 часа (дополнителни 7 часа со кутија за полнење)
- Време на подготвеност: 60 часа
- Време на полнење: 2 часа
- Литиум-јонска батерија што повторно се полни: 50 mAh на секоја слушалка
- Верзија на Bluetooth: 5.0
- Компатибилни профили на Bluetooth:
  - HSP (Профил за хендс-фри-HFP)
  - A2DP (Профил за напредна аудио дистрибуција)
  - AVRCP (Профил за далечинска контрола на аудио видео)
- Поддржан аудио кодек: SBC
- Фреквенциски опсег: 2,4 GHz
- Моќност на емитер: < 4 dBm
- Опсег на работење: До 10 метри (33 стапки)

Кутија за полнење

- Време на полнење: 2 ч
- Литиум-јонска батерија што повторно се полни: 500 mAh

Напомена

- Спецификациите се предмет на промена без известување.

7 Известување

Изјава за усогласеност

Со ова, MMD Hong Kong Holding Limited изјавува дека овој производ е усогласен со основните барања и други релевантни одредби од Директивата 2014/53/EU. Изјавата за усогласеност може да ја најдете на www.p4c.philips.com.

Фрлање на стар производ и батерија

Вашиот производ е дизајниран и изработен од материјали и компоненти со висок квалитет, кои може да се рециклираат и повторно да се користат.

Овој симбол на производот значи дека производот е опфатен од Европската Директива 2012/19/EU.

Овој симбол значи дека производот содржи вградена батерија што повторно се полни опфатена од Европската Директива 2013/56/EU која не може да се фрла со обичен отпад од домаќинството. Ве советуваме да го однесете вашиот производ на официјално место за собирање или во сервисен центар на Philips за професионалец да ја отстрани батеријата што повторно се полни. Информирајте се за локалниот систем за издвоено собирање на електрични и електронски производи и батерии што повторно се полнат. Следете ги локалните правила и никогаш не фрлајте го производот и батериите што повторно се полнат со обичен отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи и батерии што повторно се полнат помага да се спречат негативните последици по животната средина и човековото здравје.

Отстранување на интегрираната батерија

Ако нема систем за собирање/рециклирање на електронски производи во вашата земја, може да ја заштитите животната средина со вадење и рециклирање на батеријата пред фрлање на слушалките.

- Уверете се дека слушалките се исклучени од кабелот за полнење пред да ја извадите батеријата.



- Уверете се дека кутијата за полнење е исклучена од УСБ-кабелот за полнење пред да ја извадите батеријата.



Усогласеност со ИЕП

Овој производ соодветствува со сите применливи стандарди и прописи кои се однесуваат на изложеност на електромагнетни полиња.

Информации за животната средина

Избегнато е секакво непотребно пакување. Се обидовме да направиме пакувањето да биде лесно да се издвои на три материјали: картон (кутија), полистиренска пена (заштитник) и полиетилен (торбички, лист од заштитна пена).
Вашиот систем содржи материјали кои може да бидат рециклирани и повторно искористени ако се издвојат од специјализирана компанија. Почитувајте ги локалните прописи во врска со фрлањето на материјалите за пакување, истрошени батерии и стара опрема.

Известување за усогласеност

Уредот соодветствува со FCC правилата, Дел 15. Работењето подлежи на следниве два услови:

1. **Овој уред не може да предизвика штетна интерференција, и**
2. **Овој уред мора да ја прифати секоја примена интерференција, вклучувајќи и интерференција што може да предизвика несакано работење.**

FCC правила
Оваа опрема е тестирана и откриено е дека одговара на ограничувањата за дигитален уред од Класа Б, согласно со дел 15 од FCC правилата. Овие ограничувања се проектирани да обезбедат разумна заштита од штетната интерференција во станбена инсталација. Оваа опрема генерира, користи и може да емитува радио фреквентна енергија и, ако не е инсталирана и не се користи во согласност со упатството за употреба, може да предизвика штетна интерференција во радиокомуникациите.

Сепак, нема гаранција дека интерференцијата нема да се појави во одредена инсталација. Ако оваа опрема предизвика штетна интерференција на радио или телевизискиот прием, што може да се одреди со вклучување и исклучување на опремата, корисникот се охрабрува да се обиде да ја елиминира интерференцијата со една или повеќе од следниве мерки:

- преместување на антената за прием.
- Зголемете го растојанието помеѓу опремата и приемникот
- Поврзете ја опремата во приклучница на струјно коло различно од она на кое е поврзан приемникот.
- Консултирајте се со продавач или искусен радио/ТВ техничар за помош.

FCC изјава за изложеност на зрачење:
Оваа опрема соодветствува со FCC ограничувањата за изложеност на зрачење определени за неконтролирана околина. Овој пренесувач на сигнали не смее да биде поставен или да работи заедно со некоја друга антена или пренесувач на сигнали.

Канада:
Овој уред соодветствува со Industry Canada licence-exempt RSS стандард(и). Работењето подлежи на следниве два услови: (1) овој уред не може да предизвика штетна интерференција, и (2) овој уред мора да ја прифати секоја примена интерференција, вклучувајќи и интерференција што може да предизвика несакано работење.
CAN ICES-3(B)/NMB-3(B)

IC изјава за изложеност на зрачење:
Оваа опрема соодветствува со ограничувањата за изложеност на зрачење на Канада определени за неконтролирани околини.
Овој пренесувач на сигнали не смее да биде поставен или да работи заедно со некоја друга антена или пренесувач на сигнали.

Внимание: Корисникот е предупреден дека промените или модификациите кои не се изрично дозволени од страна одговорна за усогласеност може да го поништат овластувањето на кориснико't да работи со опремата.

8 Често поставувани прашања

Моите Bluetooth слушалки не се вклучуваат.

Нивото на батерија е ниско. Наполнете ги слушалките.

Не можам да ги спарам Bluetooth слушалките со Bluetooth уред.

Bluetooth е оневозможен. Овозможете ја карактеристиката Bluetooth на вашиот Bluetooth уред и вклучете го Bluetooth уредот пред да ги вклучите слушалките.

Спарувањето не функционира.

- Ставете ги двете слушалки во кутијата за полнење.
- Уверете се дека сте ја оневозможиле Bluetooth функцијата на сите претходно поврзани Bluetooth уреди.
- На Bluetooth уредот, избришете го „Philips SHB2505“ од Bluetooth листата.
- Спарете ги слушалките (видете „Спарување на слушалките со Bluetooth уред за прв пат“ на страница 5).

Како да се ресетира спарување.

Извадете ги двете слушалки од кутијата за полнење. Двапати притиснете ги на двете слушалки мултифункционалните копчиња додека ЛЕД индикаторот не светне бело, почекајте околу 10 секунди. Ќе слушнете „Поврзано“, „Лев канал“, „Десен канал“, ако спарувањето е успешно.

Bluetooth уредот не може да ги најде слушалките.

- Слушалките можеби се поврзани со претходно спарениот уред. Исклучете го поврзаниот уред или тргнете го од опсег.
- Спарувањето можеби е ресетирано или слушалките претходно биле спарени со друг уред. Спарете ги слушалките со Bluetooth уредот повторно како што е опишано во корисничкото упатство. (видете „Спарување на слушалките со Bluetooth уред за прв пат“ на страница 5).

Моите Bluetooth слушалки се поврзани на мобилен телефон со Bluetooth со овозможено стерео, но музика се репродуцира само од звучникот на мобилниот телефон.

Погледнете го корисничкото упатство на вашиот мобилен телефон. Изберете да слушате музика преку слушалките.

Квалитетот на аудиото е слаб и може да се слушне звук на потпукнување.

- Bluetooth уредот е надвор од опсег. Намалете ја далечината помеѓу слушалките и Bluetooth уредот, или отстранете ги пречките помеѓу нив.
- Наполнете ги вашите слушалки.

Квалитетот на аудиото е слаб кога преносот од мобилниот телефон е многу бавен, или аудио преносот не функционира воопшто.

Уверете се дека вашиот мобилен телефон не само што поддржува (моно) HSP/HFP туку исто така поддржува A2DP и е компатибилен со BT4.0x (или понова) (видете „Технички податоци“ на страница 10).

Ја слушам но не можам да ја контролирам музиката на мојот Bluetooth уред (пр. репродуцирај/паузирај/ прескокни нанапред/наназад).

Уверете се дека изворот на Bluetooth аудио поддржува AVRCP (видете „Технички податоци“ на страница 10).

Јачината на звук на слушалките е премала.

Некои Bluetooth уреди не можат да го поврзат нивото на јачина на звук со слушалките преку синхронизирање на јачина на звук. Во овој случај, треба да ја прилагодите јачината на звук на Bluetooth уредот независно за да го достигнете соодветното ниво на јачина на звук.

Не можам да ги поврзам слушалките на друг уред, што да правам?

- Уверете се дека Bluetooth функцијата на претходно спарениот уред е исклучена.
- Повторете ја постапката за спарување на вашиот втор уред (видете „Спарување на слушалките со Bluetooth уред за прв пат“ на страница 5).

Слушам звук само од една слушалка.

- Ако имате повик, нормално е звукот да доаѓа од десната и левата слушалка.
- Ако слушате музика но звукот доаѓа само од една слушалка:
    - На другата слушалка можеби и е празна батеријата. За оптимално работење, целосно наполнете ги двете слушалки.
    - Десната и левата слушалка се исклучени една од друга, прво исклучете ги двете слушалки. Потоа ставете ги двете слушалки во кутијата за полнење 5 секунди и извадете ги. Ова ќе ги вклучи слушалките и ќе ги поврзе двете слушалки. Повторно поврзете ги слушалките на Bluetooth уредот.
    - Слушалките се поврзани на повеќе од еден Bluetooth уред. Исклучете ја Bluetooth функцијата на сите поврзани уреди. Исклучете ги двете слушалки. Ставете ги двете слушалки во кутијата за полнење 5 секунди и извадете ги. Повторно поврзете ги слушалките на Bluetooth уредот. Имајте на ум дека слушалките се дизајнирани за поврзување на само еден Bluetooth уред во исто време. Кога повторно ги поврзувате слушалките на Bluetooth уредот, уверете се дека Bluetooth функцијата на сите други претходно спарени/ поврзани уреди е исклучена.
    - Ако гореспоменатите решенија не помагаат, ресетирајте ги слушалките на фабричко ниво (видете „Ресетирање на слушалки на фабричко ниво“ на страна 9).

За понатамошна поддршка, посетете www.philips.com/support.

ANATEL

Agência Nacional de Telecomunicações

00990-19-11953

Este equipamento não tem direito à proteção contra interferência prejudicial e não pode causar interferência em sistemas devidamente autorizados.
Este produto está homologado pela ANATEL, de acordo com os procedimentos regulamentados pela Resolução 242/2000, e atende aos requisitos técnicas aplicados. Para maiores informações, consulte a site da ANATEL: www.anatel.gov.br

Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани заштитни знаци на Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ е изработен од и се продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited. или една од неговите подружници и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во врска со овој производ.

UM_SHB2505_00_EN_V3.0